РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08 - 192/1
10.01. 2024 год.
ВЕЛЕС

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)

Општина Велес, ул. „Панко Брашнар“ бр.1, 1400 Велес, тел./факс: 043/232-406; opve@veles.gov.mk,

Даниела Саздова, Фросина Маџарова, Марија Цилакова и Магдалена Грубор службени лица за посредување со информации од јавен карактер
го подготвија следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2023 до 31.12.2023)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации:
- Даниела Саздова, daniela.sazdova@veles.gov.mk, моб: 075/313-563
- Фросина Маџарова, frosina.madzarova@veles.gov.mk, моб: 076/345-164
- Марија Цилакова, marija.cilakova@veles.gov.mk; моб: 078 431 593 и
- Магдалена Грубор, magdalena.grubor@veles.gov.mk, моб:075 400 701.

2. Број на примени барања:
-Вкупниот број на пристигнати барања е 73.

3. Број на позитивно одговорени барања:
-Вкупниот број позитивно одговорени барања е 61.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање:
- Вкупниот број одбиени барања е 9.

4.1 Барањето со бр. 26-1712/1 од 29.03.2023, поднесено од адвокат Петре Георгиевски е одбиено по спроведен Тест за штетност, со што е утврдено дека барателот застапува и штити личен интерес наспроти јавниот интерес.

4.2 Барањето со бр. 26-2358/1 од 12.05.2023 поднесено од адвокат Петре Георгиевски е одбиено согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во делот „Одговорени барања“. Барателот истата информација ја побарал во претходно барање со бр. 26-1712/1 од 29.03.2023 година на кое по жалба на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер му е одговорено позитивно.

4.3 Барањето со бр.26-2359/1 од 12.05.2023 поднесено од адвокат Петре Георгиевски е одбиено согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во делот „Одговорени барања“. Барателот истата информација ја побарал во претходно барање со бр. 26-1712/1 од 29.03.2023 година на кое по жалба на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер му е одговорено позитивно.

4.4 Барањето со бр. 26-2728/1 од 09.06.2023 поднесено од Весна Јанева е одбиено согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во делот „Одговорени барања“. Барателот истата информација ја побарал во претходно барање со бр. 26-2549/1 од 26.05.2023 на кое и е одговорено позитивно.

4.5 Барањето со бр. 26-3027/1 од 03.07.2023 поднесено од Мите Ѓорѓиев е одбиено согласно член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Општина Велес го одби барањето поради постапка која се уште се води. По жалба на барателот до второстепениот орган Општина Велес позитивно одговори на барањето на барателот.
4.6 Барањето со бр.26-3139/1 од 12.07.2023 поднесено од Петре Георгиевски е одбиено согласно член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Општина Велес го одби поради постапка која се води на повисока инстанца. По жалба на барателот до второстепениот орган Општина Велес позитивно одговори на барањето на барателот.
4.7 Барањето со бр. 26-3600/1 од 25.08.2023 поднесено од Петре Георгиевски е одбиено по спроведен Тест за штетност. Второстепениот орган ја одби како неоснована жалбата на Ѓеоргиевски по ова барање.
4.8 Барањето со бр.26-4057/1 од 02.10.2023 поднесено од Петре Георгиевски е одбиено по направен Тест на штетност со кој е утврдено дека барањето е неосновано и бараната документација претставува исклучок од слободниот пристап до информации од јавен карактер кога се работи за информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката и би се постапило спротивно на член 6, став 1, точка 4 од ЗСПИЈК.
4.9 Барањето со бр. 26-4776/1 од 22.11.2023 поднесено од Наташа Чичевалиева е одбиено по направен Тест на штетност со кој е утврдено дека бараната информација односно фотокопија од Заклучокот за дозвола за извршување е информација стекната односно составена за спроведување на управна постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката која што се води пред овластениот градежен инспектор, што е во согласност со член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

5. Број на неодговорени барања:
-Вкупниот број на неодговорени барања е 1.

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација):
- Вкупниот број на вложени жалби против првостепени одлуки е 5.
6.1 Поднесена жалба до Агенцијата бр.08-156 од Петре Георгиевски за Барање со бр. 26-1712/1 од 29.03.2023.
6.2 Поднесена жалба до Агенцијата со бр.08-156 од Петре Георгиевски за Барање со бр. 26-2358/1 од 12.05.2023.
6.3 Поднесена жалба до Агенцијата со бр. 08-156 од Петре Георгиевски за Барање со бр. 26-2359/1 од 12.05.2023.
6.4 Поднесена жалба до Агенцијата со бр.08-292 од Мите Ѓорѓиев за Барање бр. 26-3027/1.
6.5 Поднесена жалба до Агенцијата со бр. 08-305 од Петре Георгиевски за Барање со бр. 26-3139/1.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата:
- Вкупниот број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата е 4.

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата:

- Вкупниот број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата е 4.

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање:

- Вкупниот број на одбиени жалби од Агенцијата е 1. Второстепениот орган ја одби жалбата на барателот како неоснована по предметот со бр. 26-3600/1 поднесено од Петре Георгиевски со образложение дека барателот веќе има извршено увид во документацијата која бара да му биде доставена.

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање:

- Вкупниот број на отфрлени жалби од Агенцијата е 0.

11. Едно препратено барање до имателот на информацијата затоа што Општина Велес не е имател на бараната информација.

12. Едно Известување до барателот на информацијата: бараната информација не е информација од јавен карактер и барателот се упатува да ја добие бараната информација согласно член 42 од Законот за општа управна постапка.

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

| | |
|---|---|
| **(Место и датум)** | **(Имател на информации-печат)** |
| | **(службено лице – потпис)** |
| | **(службено лице – потпис)** |
| | **(службено лице – потпис)** |
| | **(службено лице – потпис)** |